**ЗАПИСНИК**
**од 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 29.07.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Методија Јанчески (годишен одмор).

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Арбен Саити, м-р Арџенд Џелили, м-р Горјан Шекеринов, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:20 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.07.2022 година.
2. Предлог–одлука за одземање на дозвола за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје.
3. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Одржување на дополнителниот модул на постојно апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи".
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.07.2022 година, со текст како што беше предложен.

Точка 2

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска ја образложи Предлог–одлуката за одземање на дозвола за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје. Објасни дека Советот на Агенцијата на 27-та седница која се одржа на 19.07.2022 година го усвои предлогот од директорот на Агенцијата за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје. Во врска со оваа Одлука на Советот, радиодифузерот беше известен и му беше назначено дека доколку не ги отстрани законските пречки за вршење на дејноста во рок од 15 дена, Советот на Агенцијата од денот на приемот на предлогот на директорот ќе ја одземе дозволата. По повод ова известување од страна на застапникот на радиодифузерот беше доставен одговор во кој се дава појаснување во врска со управниот спор кој што РА Капитол го има поведено против Решението за бришење на овој радиодифузер донесено од Централниот регистар на РСМ и воедно во одговорот се предлага покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на РА Капитол да се одложи до правосилно завршување на постапката пред Управен суд. Од исходот на поведениот управен спор зависи дали радиодифузерот ќе биде избришан како правен субјект од Централен регистар односно дали како имател на дозвола ќе престане да постои. Тоа е основ за одземање на неговата дозвола по сила на Закон согласно член 85 став 1 алинеја 3 од ЗААВМУ, но не е основот по кој што АВМУ го има поднесено предлогот за поведување постапка, туку поради тоа што настанале околности кои што претставуваат законска пречка за радиодифузерот да ја врши дејноста односно затоа што му е отповикано одобрението за користење на радиофреквенции. Бидејќи радиодифузерот ги нема отстрането законските пречки се предлага неговата дозвола за радио емитување да се одземе.

Г-дин Петрушевски по образложението констатира дека службата останува на предлогот да се одземе дозволата. Наведе дека вакви случаи, не сосема исти, имаше во минатото каде поради управни постапки се правеше пауза на одлуката за одземање. Но, овде проблемот не е управната постапка, туку акт на АЕК со кој му е одземена радиофреквенцијата. Наведе дека сака да му се помогне на радиодифузерот и лично бил спремен да се одложи постапката 7 до 10 дена, донекаде да ризикува, да ги прекрши роковите со оправдување дека проблемот е предизвикан од други институции. Сега е во дилема а посебно и рокот за одложување на постапката што го бара радиодифузерот од 1 месец, смета дека како член на Совет би направил прекршок ако се сопре постапката до донесување на правосилноста на одлуката и најверојатно би направил грешка поради Решението за отповикување на радиофреквенции од АЕК. Се запраша дали има разлика ако се одложи 10 дена или ако се одложи неодредено? Тоа се неговите дилеми и побара коментар.

Г-дин Трајчевски објасни дека не станува збор за одложување туку радиодифузерот кога даде образложение за постапката на 5-та Јавна седница, кажа дека во комуникација со АЕК ја исклучил програмата 3 дена. Од Секторот за технологии проверија и констатираа дека тоа не е точно затоа што радиодифузерот емитува програма постојано без прекин. Објасни дека радиодифузерот се обидува да манипулира пред Советот дека ја исклучил програмата. Постапката што ја има пред Централен регистар може да ја води и 10 години, но ниту АЕК ниту АВМУ ќе му направеле проблем ако навремено си ги регулирал обврските. Нема апсолутно никаква

поврзаност со одземањето на дозволата од АЕК и бришењето во Централен регистар на РСМ како правен субјект, затоа што долгот што го има е пред тој воопшто да биде избришан од ЦРРСМ затоа што не го регулирал долгот. Втора работа, во септември и да има завршница, но тоа не може да се знае, тоа е Управен суд таму нема рочишта и не се знае кога ќе заседава Советот за неговата тужба. Апсолутно нема да биде септември, не се знае кога ќе биде. Но, и да биде во септември, ако една од странките не е задоволна од одлуката сигурно ќе има жалба до Виш Управен суд, а таму постапките ќе траат 2 до 3 години. Смета дека нема ништо да се реши во септември, односно дека ќе има финална одлука од Управен суд. Наведе дека адвокатот, застапникот на радиодифузерот, утрово му кажал дека они побарале времена мерка но бидејќи Управниот суд не донел таква времена мерка очигледно сметал дека не е нешто за кое што треба да се донесе времена мерка. Наведе дека прашање е кога ќе одлучува Управен суд, потоа има постапки до Виш Управен суд така што апсолутно септември не е некаков рок што ќе го реши проблемот. Наједноставниот потег за да го реши проблемот е да си го плати долгот спрема АЕК, и АЕК да го отповика Решението за отповикување на одобрението за користење на радиофреквенции со што ќе го надмине проблемот. Смета дека се додека АВМУ не му ја одземе дозволата ќе се надева дека ќе може да работи и понатаму. Познато е дека последните 3 години спрема АВМУ радиодифузерот како и сите други не плаќаат надоместок, бидејќи за две години целосно му е вратен надоместокот, потоа за една година Владата му го плати надоместокот, а за 2022 година радиодифузерите платија 50% од надоместокот. Се додека има таква можност да може да одолговлекува со разни судски постапки тој сигурно нема да ги реши проблемот со АЕК бидејќи и до сега можел да го реши проблемот, а зошто добива од нотар документи, дополнителни фактури е затоа што не ги плаќал на време фактурите и АЕК е принудена преку нотар да изврши наплата на средствата бидејќи очигледно има добиено фактура кој што во законски утврдениот рок не ја платил.

Г-дин Петрушевски рече дека има уште една дилема и потоа ќе сака да ги слушне останатите членови на Советот за поддршка на неговото мислење или други мислења. Хипотетички Советот денес да му ја одземе дозволата, треба најмалку 4 гласа „за", единствена можност после да се спаси медиумот е да поведе судска постапка за Одлуката на Советот за одземање на дозволата. Како што го слушнал директорот постапката со Централен регистар може да трае со месеци и ако се одолжи тогаш и одлуката на Советот ќе биде таква, така што ако е упорен може да го врати медиумот после неколку месеци или години. Рече дека му е жал што е дојдено до ваква ситуација и побара останатите колеги да го изнесат нивниот став. Објасни дека сѐ уште не е убеден како ќе гласа.

Г-дин Фиданоски рече дека има едно прашање до директорот и службата за да му помогне да има јасен став во однос на одлуката и праша колку може да трае флексибилноста на Советот во рамките на законски утврдениот рок за да му се даде простор за да евентуално плати кон АЕК, за да може потоа АЕК да го отповика Решението и да му ја врати фреквенцијата?

Г-дин Трајчевски објасни дека согласно членот по Законот за кој е поведена постапката, последниот ден е денес. Во образложението од радиодифузерот не се виде дека изрази желба да плати, а да сакал можел да плати до АЕК во претходните 15 дена од кога му беше покрената постапката. Наведе дека денес му се јавил неговиот адвокат

и имал телефонски разговор кој што му тврдел дека РА Капитол нема долг кон АЕК, а радиодифузерот во образложението рекол дека има долг кон АЕК. И во АВМУ имаше радија на кои што им беа блокирани сметките и не можеа да платат. Во тој случај надоместокот кон АВМУ го плаќаат како физички лица и пишуваат цел на дознака – број на фактура. Тој можел и до сега да го плати долгот спрема АЕК. Теоретски денес да му се одземе дозволата и да поднесе тужба до Управен суд за да се поништи одлуката на Советот, такви случаи имаше до сега поради неплаќање на некои медиуми, но во овој случај нема никаква причина за одлагање затоа што АВМУ не знае дали радиодифузерот има намера да си го подмири долгот спрема АЕК. Ова утро имал три контрадикторни разговори во кои што дури и неговиот правен застапник не знаел дека има долг кон АЕК, само го знаеше проблемот со Централен регистар. Смета дека тоа е причината зошто адвокатот денес не се приклучил на седницата затоа што можеби не располага со сите потребни и релевантни информации.

Г-дин Фиданоски рече дека верува само на писмено известување од АЕК дека го регулирал долгот, а не на вербално ветување. На мисла бил дали да му дадат простор од 7 дена да плати кон АЕК и ако не го регулира долгот по автоматизам да му биде одземена дозволата, праша дали има таква можност?

Г-дин Петрушевски рече дека слично размислувале, директорот или стручната служба да го поправат ако е во грешка, дали може Советот да донесе заклучок да се достави допис до АЕК дали навистина е платен долгот или не, и колкав е долгот, и на тој начин да се добијат тие 7 дена што прашуваат заедно со г-дин Фиданоски или евентуално 10 дена?

Г-дин Трајчевски објасни дека АВМУ веќе се обрати до АЕК и пред неколку дена стигна дописот со одговор дека ситуацијата е иста и не велат дека долгот не е платен туку дека на РА Капитол му е одземено одобрението за користење на радиофреквенции што автоматски значи дека долгот не е платен, во спротивно доколку долгот е платен АЕК би му го вратил одобрението за користење на радиофреквенции.

Г-дин Ајдини рече дека му е жал што радиодифузерот се довел во ваква ситуација, меѓутоа чудно му е што неколку пати спомнал дека едната фактура ја има платено како физичко лице а втората не можело, па не знае на кого да верува, дали на АЕК или г-дин Ристоски? Радиодифузерот повеќе пати се обрати до Советот и замолил да реагираат човечно и се праша како би било тоа човечки да реагираат а при тоа да не го кршат Законот? Но по објаснувањето од страна на директорот кој е многу поупатен во целата оваа ситуација, работите му се појасни. Бил во дилема како ќе гласа, но сега ќе гласа како што е предложено во материјалите.

Г-дин Трајчев рече дека радиодифузерот дал негово видување на ситуацијата и од човечки аспект се гледа дека е доведен во незавидна ситуација, и не само од човечки аспект туку и во сите правни процедури. Дали имало пропусти, дали можел да направи други дејствија додека се случувала ситуацијата, веројатно имало некои шанси но неговото прашање е од друг аспект. Праша доколку на радиодифузерот му се даде некој простор од 3, 5 дена или една недела и во тој период го регулира надоместокот кон АЕК, и АЕК на некој начин прифати, но мора да се земе предвид фактот дека овој радиодифузер во овој момент е непостоечки субјект, дека е избришан и не постои. Дали АЕК има право на непостоечки субјект да му ја врати дозволата за радиофреквенција и второ дали Советот на АВМУ има право на непостоечки субјект да му дозволи да ја

врши дејноста? Побара директорот или службата подетално да дадат објаснување и потоа на основа на тој одговор би го донел неговиот заклучок како треба да се постапи.

Г-дин Трајчевски објасни дека во име на АЕК не може да даде став меѓутоа АВМУ на непостоечки субјект не може да му дозволи да врши дејност. Има и еден друг многу важен елемент што го кажал на седницата кога бил вклучен управителот на РА Капитол, дека сега во моментов емитува програма без одобрение за користење радиофреквенција што претставува сериозно кривично дело. Тој воопшто не се обиде изминатиот период како другите радиодифузери кои што исто така ги изгубија одобренијата, да престане со емитување на програмата и по правен пат да си ја регулираат правната ситуација која им претставува пречка. Имаше и други радиодифузери кои што ги изгубија одобренијата и истиот ден ја исклучија програмата. Агенцијата, службата и Советот беа премногу толерантни, му се дозволи 4 месеци да го реши проблемот, но тој не направи ниту еден чекор напред освен што поднесува тужби наместо да си го плати долгот спрема АЕК. Освен тоа што е непостоечки субјект, многу поголема тежина има тоа што субјектот емитува програма без да има одобрение за фреквенција. Ако Советот утре реши да распише конкурс за ново радио првиот услов е да се обрати до АЕК и да каже дали има или нема слободни фреквенции. Тоа е првиот услов за да може да се распише постапка за изработка на Студија и во зависност од заклучоците на Студијата да се додели или не дозвола. Праша што ќе се реши во септември? Ако еднаш се направи преседан и му се даде рок од 3 или 7 дена тој ќе бара дополнително и ќе рече ако еднаш сте можеле да ми дадете без основ продолжение тогаш ќе барам и по втор пат и трет пат. Слушнале дека во образложението бара рок до септември односно кога ќе се реши судски со правосудна одлука, но знае и г-дин Трајчев како адвокат, не само во управна постапка туку во било која судска постапка тој процес е многу долг и до конечноста на решението треба да поминат неколку години, така што септември воопшто не е рок во кој ќе има завршница. Наведе дека неговиот случај со Централен регистар АВМУ директно не ја засега, најмногу ја засега состојбата со АЕК кој што до сега не се обидел да ја реши.

Г-дин Трајчев рече дека неговото прашање било прецизно, не му било во делот дали тој емитува програма. На пример денес или утре го прекинува емитувањето, потоа на пример во среда или понеделник АЕК му го враќа одобрението за фреквенцијата, прашањето е дали АВМУ во услови кога тој не емитува, не го крши Законот, притоа му е вратена фреквенцијата и нема пречка од тој аспект, но има сознанија дека тој фактички е избришан и не постои како субјект независно што се води одредена постапка, дали во тој случај АВМУ во услови кога тој не постои во овој момент односно на непостоечки субјект ќе му даде право да емитува програма?

Г-дин Трајчевски одговори дека Советот не може да му ја врати дозволата затоа што реално не постои правен субјект, дури не може да поднесе ни тужба до Управен суд затоа што му е избришана фирмата во Централен регистар иако сега не навлегуваат во тоа дали му е избришана или не, но тој не може да поднесе ни тужба во Управен суд ако му е избришана фирмата затоа што треба да поднесе правно лице а не како физичко лице. Но, сега АВМУ единствено го интересира одобрението за користење радиофреквенции, затоа што ако нема одобрение не може да има ни дозвола за работа. А доколку емитува без одобрение тогаш прави друго кривично дело.

Г-дин Трајчев праша, хипотетички има одобрение за користење радиофреквенција, АЕК му го врати одобрението на РА Капитол во понеделник и во

моментов односно до тогаш не емитува програма, дали може да му се врати дозволата или не може?

Г-дин Трајчевски рече дека не може затоа што нема правен субјект на кого би можело да се врати дозволата.

Г-дин Трајчев рече дека искрено сакал да се најде начин Советот да му излезе во пресрет, и ако му се даде една недела да си го регулира долгот спрема АЕК и му ја врати фреквенцијата, прашањето е што потоа, дали Советот може на наредна седница да му дозволи да емитува програма. Ако директорот вели дека не може затоа што е избришан како правен субјект во Централен регистар, а реално таа постапка пред Управен суд не може да се чека затоа што има законски ограничувања. Може да се чека ден или два да плати на АЕК, но не може да се чека судот да одлучи, судот може да одлучи за подолго време. Од тој аспект беше прашањето, за да бидат сигурни кога носат една ваква сериозна одлука, кога се одзема дозволата, кога има последици, кога еден медиум згаснува и не може повеќе да работи. Затоа рече сака да биде се јасно во однос на сите правни основи и ситуации кои можат да настанат. Смета дека сите на седницата имаат желба да излезат во пресрет, но прашање е какви правни можности има.

Г-дин Трајчевски одговори дека правни можности за одлагање согласно Законот нема. Ако Советот му даде рок за продолжување тоа ќе биде без законска основа. Ако и тогаш во тој период го плати долгот кон АЕК и АЕК му го врати одобрението за користење фреквенции, тогаш АВМУ не мора да му даде одобрение за да емитува затоа што може да продолжи да емитува програма иако сите ќе знаат дека тој субјект е избришан од ЦРРСМ. Во ситуација Советот денес да му ја одземе дозволата, не знае како би го регулирал долгот кон АЕК како физичко лице и дали АЕК би можел да му врати фреквенција на непостоечки субјект. Можеби и тоа е причината зошто АЕК не му го враќа одобрението. Во секој случај не може Агенцијата да навлегува зошто го избришале од Централен регистар, тие проблеми треба да ги решава самото правно лице. Денес е закажана седницата заради тоа што денес е последниот, 15-ти ден. Нагласи дека АВМУ излезе толку толерантна, многу пати се обраќаше до АЕК се со цел да се види дали радиодифузерот е известен, дали платил, меѓутоа едноставно како што слушнале денес, неговата битка е насочена кон Централен регистар, а не кон АЕК да си го плати долгот и да го реши проблемот со дозволата за користење фреквенција.

Г-дин Петрушевски рече дека неговите дилеми пред започнувањето на оваа седница водеа во две насоки. Првата беше барањето можност да се одложи неколку дена одлуката на Советот, најмногу до 10 дена. И втората можност беше на денешната седница да се донесе одлуката за одземање на дозволата. Сите аргументи што се слушнаа одат во прилог на тоа денес да му се одземе дозволата а така и ќе гласа. Основна причина е одлуката од АЕК што му е одземена фреквенцијата, други причини не се доволни за него. Смета дека радиодифузерот е свесен дека и да плати кон АЕК повторно нема да успее да работи како што треба од причина што е избришан од Централен регистар. Ова е рече како карти кои паѓаат една по друга односно една одлука ја носи другата одлука, сите три одлуки се поврзани меѓу себе, одлуката на АВМУ и Советот е последица на претходните две. Ако сака медиумот, неговиот сопственик и управител да ја продолжи битката, тоа значи дека денешната одлука треба да ја приклучи кон судската постапка на одлуките на ЦРРСМ потоа и на АЕК и на АВМУ. И тоа ќе биде еден спор и само судот може да одлучи дали ќе му се врати првобитната позиција. Советот е во позиција кога нема друга можност и затоа ќе гласа

да се одземе дозволата. Оваа одлука воопшто не му е лесна, навистина му е тешко така да гласа, но нема друг избор.

Г-дин Фиданоски рече дека искажувањата внимателно ги ислушал и од искажувањата на директорот Трајчевски и службата практично може да заклучи дека радиодифузерот во овој момент е во една лимбо ситуација, „ни на небо ни на земја", затоа што е избришан од Централен регистар по одлука на Централен Регистар, не постои субјектот кој што е сопственик на радиодифузерот и во таа ситуација не може да кореспондира во правниот промет во државата. Тоа е од една страна, од друга страна она што посебно Советот го интересира и по кој основ се води постапката е тоа што му е одземена радиофреквенцијата од АЕК. И затоа што нема подмирен долг не може да користи фреквенции. Дополнително г-дин Трајчевски кажал дека користење на тие фреквенции без одобрение се третира како кривично дело, за разлика од другите радиодифузери кои прекинале да емитуваат програма кога немале одобрение. Се сеќава оваа пролет кога добиле еден листинг од неколку радиодифузери кои немаа подмирено долг кон АЕК и од тие причини им било одземено одобрението за користење на фреквенции. Меѓу нив беше и името на РА Капитол. Но рече и покрај секоја добра волја да бидат максимално флексибилни кон радиодифузерите, но исто така не треба да прават двојни аршини, за еден радиодифузер еден однос за друг радиодифузер друг однос. Во минатото имало примери кога се одземала дозволата и со правна поука е упатуван да поведе постапка пред Управен суд и ако ги регулирал сите потребни работи, Агенцијата нема пречка повторно со одлука да му ја врати дозволата доколку и судот така одлучил. Се изјасни дека ќе ја поддржи одлуката за одземање на дозволата.

Советот на Агенцијата едногласно не го прифати предлогот за одложување на покренатата постапка доставен од Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, доставен во Одговор на известување бр.08-213 од 25.07.2022 година

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одзема дозволата за радио емитување, Уп1 бр.08-81 од 05.01.2015 година на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, поради тоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за imателот на дозволата да ја врши дејноста – отповикани одобренија за користење на радиофреквенции издадени од Агенцијата за електронски комуникации како основен услов за вршење на дејноста - емитување на радио програмски сервис.

Секторот за правни работи и јавни набавки со допис да го извести застапникот на радиодифузерот адвокат Сашко Поп-Ангелов дека Советот на Агенцијата не го прифати предлогот за одложување на покренатата постапка на ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во најмалку два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

Г-дин Петрушевски по гласањето му посака на радиодифузерот судот да донесе конечна одлука да сите овие три институции меѓу кои АВМУ е последна, да ги повлечат одлуките и во иднина неколку месеци од сега да може да продолжи да работи.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Одржување на дополнителниот модул на постојно апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи". Објасни дека овој модул Агенцијата го користи уште од 2012 година и служи за евидентирање на ОЈЕКМ, програмските сервиси и програмските пакети кои што тие ги реемитуваат, изречените мерки и санкции. Спроведувањето на постапката за јавна набавка за оваа услуга е предвидена и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-563/2 од 08.02.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Одржување на дополнителниот модул на постојно апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи".

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-2964/4

08.08. **2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**